ДРЖАВНА МАТУРА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА
ДЕЛ 1

ШИФРА НА КАНДИДАТОТ

ЗАЛЕПИ ТУКА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

## ДЕЛ 1

**Време за решавање: 60 минути**

**август 2014 година**

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

## УПАТСТВО ЗА КАНДИДАТОТ

Внимателно прочитај го упатството. Не испуштај ништо.
Залепи ја едната шифра на означеното место на тестот (**„Шифра на кандидатот“**), а другата шифра на означеното место на **листот за одговори**.
**Не врти страници** и не почнувај со решавање на задачите сè додека не ти каже надгледувачот.
Тестот содржи задачи.
На задачите се одговара со заокружување на буквата пред точниот одговор;
Препишувањето е најстрого забрането. Покрај секоја задача е даден бројот на поените за точниот одговор.
Задачите се одговараат прво во тестот. Откако ќе завршиш со одговарањето на прашањата во тестот, **одговорите на задачите пренеси ги на листот за одговори**, според Упатството за пополнување дадено во него.
**Ти посакуваме многу успех!**

© ДИЦ 2014

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*

**1** **Прочитај го извадокот од романот „*Дон Кихот*“ од Мигуел де Сервантес и одговори на прашањата.**

**А**

Па свртувајќи му се на Санчо рече:

- Прости ми пријателу, за поводите што ти ги дадов да изигруваш луд како мене и да попаднеш и ти во истата заблуда, во која попаднав јас, кога верував дека имало и има уште витези скитници во светот.

- Ах, господару - одговори Санчо плачејќи - не умирајте, ваша милост, туку примете го мојот совет и живејте уште многу години! Зашто најголемата лудост, што може да ја направи човек, е да се остави да умре ете така, за ништо, само од тага, без никој да го убие, без да му ги скусат дните туѓи раце. Ајде, не станувајте сега мрзлив, станете од постела и дојдете да излеземе в поле, облечени како пастири, онака како што решивме! Можеби ќе ја најдеме зад некој џбун сењора Дона Дулсинеја, ослободена од магијата, па тогаш нема да има друго што да бараме. А ако умирате од мака што ве победија, фрлете ја вината на мене и кажете дека ве собориле зошто не му ги стегнав добро попразите на Росинант. Освен тоа, Ваша милост, знаете од витешките книги дека тоа е обично нешто витези да се соборуваат еден со друг, а победникот денес да биде утре победен.

- Така е - рече Самсон - и добриот Санчо Панса размислува доста превилно.

- Сењори - рече Дон Кихот - само полека, зошто годинава нема птици во ланските гнезда, јас бев луд, а сега сум со својот ум; бев Дон Кихот од Ла Манча, а сега сум, како што реков, Алонсо Кихано Добриот; моето каење и искреност камо да ми ја повратат почитта што ја уживав кај вас; а сега сењор Нотариес да продолжиме.

**Б**

- Среќната судбина ги средува нештата подобро отколку што можеме да замислиме, зошто погледни таму, пријателу Санчо Панса, како се покажуваат триесет или нешто повеќе грамадни џинови, со кои имам намера да влезам во бој и сите до еден да ги погубам, а со нивниот плен ќе почнеме да се збогатуваме, зошто оваа војна е праведна и на господа сосем му се угодува кога таквата пасмина се уништува од лицето на земјата.

- Какви џинови? - праша Санчо Панса.

- Оние што ги гледаш таму - му одговори господарот. - Оние со долги раце, некои од нив имаат долги и до две милји.

**(1.1) Во извадокот А, Дон Кихот е свесен дека:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. бил жртва на сопствените заблуди.
Б. му се ближи крајот на животот.
В. треба да му оддаде почит на својот придружник.
Г. треба да биде награден.

**(1.2) Ставовите во извадоците, а и низ целиот роман се дадени преку:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. прикажување само на надреалното.
Б. прикажување само на реалното.
В. прикажување само на идеалното.
Г. испреплетување на идеалното и реалното.

**(1.3) Подвизите на Дон Кихот се изведувани со цел да се постигне:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. имитирање на јунаците од средновековните романи.
Б. помагање на слабите и обесправените.
В. исполнување на своето време.
Г. спротивставување на црквата.

**(1.4) Како награда за „пожртвуваноста“ Дон Кихот добивал:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. омраза и проклетство.
Б. порази и потсмев.
В. одобрување и поддршка.
Г. восхит и пофалби.

**(1.5) Во романот е доминантна:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. трагедијата.
Б. пародијата.
В. алегоријата.
Г. цинизам.

**(1.6) Романот „*Дон Кихот*“ е дел од ренесансата во:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. италијанската литература.
Б. англиската литература.
В. шпанската литература.
Г. француската литература.

**2** **Прочитај го извадокот од делото „*Панонски легенди*“ и одговори на прашањата.**

...Додека така Филозофот му се радуваше на Бога пак дојде друга вест и друга работа не помала од претходните ( се мисли на Сарацинската и Хазарската мисија). Ростислав, моравски кнез, поттикнат од Бога, откако се посоветувал со своите кнезови и Моравјани, му упати пратеници на царот Михаил со порака:

„Нашите луѓе се откажаа од паганството и придржувајќи се за христијанскиот закон, но ние немаме таков учител што да ни ја објасни на наш јазик вистинската христијанска вера за да нè следат и другите земји гледајќи го и тоа. Затоа испрати ни, господаре таков епископ и учител. Оти од кај вас секогаш тргнуваат на сите страни добри закони.“

А царот, откако свика собор, го повика Константина Филозофот и запознавајќи го со таа работа, му рече: „Знам дека си уморен, Филозофе. но ти треба да појдеш таму, никој не може да ја изврши таа задача како тебе“. Филозофот одговори: „Макар што ми е снагата преморена и макар што сум болен, ќе идам таму на драго срце, само ако имаат букви на својот јазик“. На тоа царот му рече: „Дедо ми и татко ми и мнозина други го барале тоа и не го нашле, како тогаш јас да го најдам?“ А Филозофот рече: „Кој може да напише беседа по вода, а да не стекне име на еретик?“ Царот му одговори пак со својот вујко Варда: „Ако сакаш ти, Бог може да ти го даде тоа, зашто тој им дава на сите што го молат без сомневање и им отвора на сите што тропаат“.

Тогаш Филозофот отиде и по својот стар начин се оддаде на молитва заедно со своите соработници и набргу му се јави Бог, кој секогаш ги послушува молитвите на своите слуги. И тогаш ги состави буквите и започна да ги пишува зборовите од евангелието: „Во почетокот беше Зборот и Зборот беше во Бога, и Бог беше Збор и друго“. Царот се зарадува на тоа и заедно со своите советници го прослави Бога, па го испрати него со многу дарови.

...Кога пристигна Константин во Моравија, со големи почести го прими Ростислав и откако собра ученици му ги предаде да ги учи. Овој набргу ја преведе сета црковна богослужба и ги научи да служат утрена, часови, вечерна, повечерна и тајна служба. И се отворија портите според зборовите на пророците, ушите на глувите за да ги чујат зборовите на Писанието и стана јасен јазикот на пелтеците. А Бог многу се радуваше на тоа, а ѓаволот се засрами.

Бидејќи Божјата наука се ширеше, исконски злобниот завислиевец, проколнатиот ѓавол, не можеше да го поднесе тоа добро, па влезе во своите луѓе и почна да буни мнозина зборувајќи им: „Не се слави Бог со ова. Да му било тоа угодно, зарем не можел да направи тие уште отпрвин, пишувајќи ги своите беседи со букви, да го слават Бога? Тој одбрал само три јазика: еврејскиот, грчкиот и латинскиот на кои е достојно да се слави Бог“. Тие беа латински и француски архиереи, со свештеници и ученици што зборуваат така. Стапувајќи во борба со нив, како Давид со туѓинците, победувајќи ги со зборовите од Писанието, ги нарече тријазичници, оти така напишал Пилат на натписот на Господа.

**(2.1) Кој се смета за автор на делото „*Панонски легенди*“?** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Кирил Пејчиновиќ.

Б. Наум Охридски.

В. Климент Охридски.

Г. Јоаким Крчоски.

**(2.2) На кој вид литература припаѓа ова дело?** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Романтичарска литература.

Б. Средновековна литература.

В. Реалистична литература.

Г. Ренесансна литература.

**(2.3) Делото „*Панонски легенди*“ е значајно затоа што претставува извор на податоци за животот на:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Кирил и Методиј.

Б. Наум и Климент.

В. Методиј и Наум.

Г. Кирил и Климент.

**(2.4) Во овој извадок станува збор за создавањето на:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. кирилицата.

Б. глаголицата.

В. латиницата.

Г. грчкото писмо.

**(2.5) Зошто противниците со кои полемизира Константин ги нарекува трите јазичници?** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Бог ги избрал грчкиот, латинскиот и еврејскиот за да биде славен.

Б. Бог ги избрал старословенскиот, грчкиот и македонскиот за да биде славен.

В. Бог ги избрал словенскиот, македонскиот и латинскиот за да биде славен.

Г. Бог го избрал словенскиот, грчкиот и латинскиот за да биде славен.

**(2.6) Со какво барање се обраќа кнезот Ростислав до царот Михаил III?** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Да му испрати учители за објаснување на христијанската вера на неговиот јазик.

Б. Да му испрати свештеници за појаснување на хиерархијата на власта..

В. Да му испрати философи за пишување книги.

Г. Да му испрати философи за прифаќање на византиските владетели.

**3** **Прочитај го извадокот од делото „*Печалбари*“ од Антон Панов и одговори на прашањата.**

ЧИН ТРЕТИ
СЛИКА ПРВА

ЈОРДАН: Годинава рано пролет дојде...
БОЖАНА: И под нашава стреа ластовиците гнездо си прават. Истите од лани лето....
КОСТАДИН: Едно добро за печалбарите: чисто време, чист пат...Годинава доста ги има...
ЈОРДАН: Од година на година сè повеќе ги има... Се готват, азар се чинат. Ги гледам одат кај поп Гаврила на причесна... Е, секој си има мува на капата...
КОСТАДИН: (*Скокнува.*) Ајде, вие жени, не сте за машки разговори.
БОЖАНА И СИМКА: (*Излегуваат.*)
КОСТАДИН: Што сакаш со тоа да кажеш?
ЈОРДАН: Па секој си има мува на капата. Тоа е јасно речено.
КОСТАДИН: Сосем не те разбирам...
ЈОРДАН: Ама, сакам да кажам, де, дека секој си има долг на главата... Секој си мисли: „Со ред сум земал, со ред и да вратам“.
КОСТАДИН: А! Тоа значи: „Кој од каде што земал, мисли и да врати; Костадин, зет ми, не мисли да врати“. Имај лице, Јордане: што ти е на мисла, тоа и на уста! Кај мене е така, нема друго!
ЈОРДАН: Е, де, е де! Ако ти реков, не те фатив за гуша...
КОСТАДИН: Подобро е за гуша!
ЈОРДАН: Не лути се, Костадине, ама мене ми е најдобро, да си имам чиста сметка. Сметка е тоа. Јас сум човек еснаф, образ имам!...
КОСТАДИН: Ти имаш образ! Јас го немам!
ЈОРДАН: Шест месеци поминаа од свадбата, ни за долгот абер имаш, ни на печалба мислиш!...
КОСТАДИН: Молчи! За печалба не зборувај!...
ЈОРДАН: Јас сум човек трговец, пари ми требаат.
КОСТАДИН: Јас пари немам, ама образ имам: Ќе дојде ден, ќе ти ги вратам!
ЈОРДАН: Ништо не знам! Јас имам деца за гледање, ти немаш ни куче ни маче! Сега ти е полесно да плаќаш.
КОСТАДИН: (*Помислувајќи на Симкината положба, помирливо.*) Слушај, Јордане. Остави ме уште една година, уште оваа година дома да останам... Си бил татко, знаеш колку е мачно, колку е тешко во туѓина да чуеш дека прв пат си станал татко... Пушти ме уште оваа година! Татковска радост да сетам, со рака да го погалам!...
ЈОРДАН: Ич што не бидува работа! Ти не си жена, дете в рака да држиш! На пари мисли, на пари! Тоа е твое, не пелени!...
КОСТАДИН: Ти немаш срце, Јордане!
ЈОРДАН: (*Потсмешливо.*) Море, парите ти се и срце и душа! Без нив ништо не можеш!... Секој чесен печалбар си ја стега торбата...
КОСТАДИН: Молчи, не зборувај!... Тие се толку чесни, та дури и не знаат дека за за тебе работат, долг да ти отплатуваат. Молчи, Јордане! Засрами се!
ЈОРДАН: Зошто да молчам, пред кого да молчам, бре? Пари, пари ми требаат!...
КОСТАДИН: Трај! Во домот си ми!
ЈОРДАН: Не траам! Јас, или ти имаш за давање!... (*Скокнува.*) Море, пари, пари бре голтар! (*Крева рака на Костадин*).
КОСТАДИН: (*Го зграпчува за гуша.*) А, куче чорбаџиско! Си дошол огништето да ми го растуриш!...
ЈОРДАН: (*И тој го фаќа Костадина за гуша.*) Пари, пари, бре!

БОЖАНА: (*Дотрчува Заедно со Симка.*) Аман, Костадине! Немој, синко!... Чедо, чедо мајкино.
СИМКА: Костадине, Костадине... Татко, татко! (*Ги разделуваат.*)
КОСТАДИН: Излегувај! Надвор! Си дошол домот да ми го запалиш!... Надвор.
БОЖАНА: Не слушај го свату... Млад е...
КОСТАДИН: Надвор!
ЈОРДАН: Таму! Таму! На печалба! Со торба на печалба! На печалба!... (Излегува.)
КОСТАДИН: (*На Симка.*) Татко ти облечен, а ние голтари!... Да не беше тоа што иде по мене, со заби ќе го заколев!... За него ќе одам, за него! Моја крв е!... За него ќе одам и на крај на светот!... (*Излегува.*)
СИМКА: (*Плаче.*)
БОЖАНА: (*Крстејќи се и сеќавајќи скриена радост и олеснување.*) За него и за нашето огниште, господи!

---

**(3.1) Според наведениот извадок, зошто Јордан доаѓа во домот на Костадин?**

**1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. За Костадин да му го врати долгот.
Б. За да добие пари на заем.
В. За да го одложи враќањето на пари.
Г. За да го отфрли долгот.

---

**(3.2) Симка во делото е претставена како:**

**1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. патријархална жена.
Б. жена бунтовник.
В. жена со напредни идеи.
Г. жена со неморално однесување.

---

**(3.3) Која појава во тогашното општество ја критикува авторот преку ликот на чорбаџијата Јордан?**

**1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Неморалот.
Б. Отуѓеноста.
В. Лихварството.
Г. Отфрлањето на верата.

**(3.4) Зошто Костадин се согласува да замине на печалба?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Поради детето (што треба да се роди).

Б. Поради долгот кој го има сопругата.

В. Поради сиромаштијата на братот.

Г. Поради потребата да избега од домот.

**(3.5) Кој друг лик, освен Јордан, ја одобрува традицијата на одење на печалба на младите?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Симка.

Б. Божана.

В. Невена.

Г. Калина.

**(3.6) Кои други драмски автори припаѓаат на периодот меѓу двете светски војни?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Славко Јаневски и Ацо Шопов.

Б. Горан Стефановски и Дејан Дуковски.

В. Васил Иљоски и Ристо Крле.

Г. Владо Малевски и Стале Попов.

**4** **Одговори која проста глаголска форма е употребена во реченицата: *Ајде, погледни уште еднаш!*** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Минато време.
Б. Заповеден начин.
В. Глаголски прилог.
Г. Идно време.

**5** **Определи која гласовна промена е присутна во реченицата: *Дојдов, видов, победив.*** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Едначење.
Б. Испуштање.
В. Обезвучување.
Г. Обезначување.

**6** **Определи кој функционален стил се препознава во следниот текст: *Езерото е моја икона / Чунот моја харфа / Од дното се крева / Асоцијативно време.*** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Уметничко-литературен стил.
Б. Публицистички стил.
В. Научен стил.
Г. Разговорен стил.

**7** **Бројот употребен во реченицата: *Тогаш извикаа десетина души, меѓу нив Марко и Христос*, е:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. сложен број.
Б. за точна бројност.
В. за приближна бројност.
Г. за пресметлива бројност.

**8** **Кој од следниве зборови е сврзник?** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Убаво.
Б. Веројатно.
В. Иако.
Г. Намерно.

**9** **Кој од зборовите не е прилог?** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Вчера.
Б. Откако.
В. Малку.
Г. Многу.

**10** **Внимателно прочитај го текстот и одговори на прашањата.**

## МЕТОДИ ЗА ШТЕДЕЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНАТА СТРУЈА

Сметката за електрична струја ви дошла со големи цифри! Но, доколку електричните апарати во вашиот дом ги употребувате посветувајќи внимание на некои ситни детали, тогаш нема да имате потреба да плаќате сметки со астрономски цифри.

Треба да знаете дека ефикасниот рок на употреба на фрижидерот изнесува 20 години. Старите модели фрижидери, во споредба со современите фрижидери, трошат двапати повеќе енергија. Во близина на вашиот фрижидер треба да оставите празнина од најмалку 5 центиметри која помага за слободен проток на воздухот. Доколку воздухот не може да циркулира слободно, тогаш и потрошувачката на енергија се зголемува за два или за три пати. Немојте да заборавате дека 15% од електричната енергија дома се троши за функционирање на фрижидерот. Поставувајќи го вашиот фрижидер далеку од изворите што испуштаат топлина, како што се машината за перење алишта и електричниот шпорет, може да штедите до 10 или 15% електрична енергија. Пред да ги ставите јадењата во фрижидерот, најпрво треба да почекате тие да се оладат до собната температура. Потоа ставете го јадењето во фрижидер. На овој начин нема да биде потребно да трошите дополнително струја за да го оладите.

Кога се работи за машината за перење алишта треба да знаете дека алиштата не треба да ги перете со многу топла вода. Имено, перејќи ги алиштата на пониска температура, не со толку топла вода, вашата машина за перење алишта ќе троши помалку електрична струја. Имајте го предвид фактот: местото каде што сте ја поставиле машината за перење алишта да има најмалку 5 центиметри растојание од другите апарати. Ова растојание ќе овозможи слободен проток на воздухот.

Голем број луѓе за време на летните денови во нивните соби поставуваат клима уреди. Има и такви кои инсталираат клима уреди со поголем капацитет од потребите на собата. Таквата клима опрема предизвикува и поголемо трошење на енергија. На одредени места пред вашата куќа, што ги грее сонцето, доколку имате двор, подобро е да засадите дрвја со цел тие да прават сенка. Доколку немате можност да засадите дрвја, тогаш би било добро пробивањето на сончевите зраци преку прозорците на вашите соби да го спречите со завеси, односно ролетни. Во тој случај, сте примениле пасивни мерки за ладење.

Доколку не брзате, не е добро рерната на електричниот шпорет да ја вклучите пред да ја ставате тепсијата во неа. Доколку практикувате такво нешто, тогаш тоа не треба да трае повеќе од 10 мин. Во миркобрановните печки печењето трае од 2 до 10 минути, додека топлината се постигнува за 10 до 30 секунди. Микробрановната печка, во споредба со рерните на класичните шпорети, троши 66% помалку електрична струја. Треба да имате предвид уште нешто: доколку подготвувате чај за 2-3 лица немојте да го полните чајникот како за десет лица. Ова предизвикува непотребно трошење на електрична енергија.

Сијалиците со флуоресцентно осветлување во споредба со класичните сијалици трошат пет пати помалку енергија и се десет пати подолготрајни. Не палете го светлото во текот на денот, а и во текот на ноќта во просториите каде што нема никој. Во делот на куќата каде што има потреба за повеќе светло, наместо да поставите поголем број сијалици со помал капацитет, подобро е да употребувате една сијалица со поголем капацитет. Стандардните сијалици траат 750 до 900 часа (150 дена), додека флуоресцентните ламби траат 10 илјади часа (2 000 дена).

Што се однесува до апаратот за сушење коса треба да знаете дека за 10 минути тој троши енергија од 60 вати што е еднакво на струјата која може да ја потроши една сијалица кога свети во период од три часа.

И машината за миење садови треба да е на растојание од другите електрични апарати најмалку 5 центиметри со цел топлиот воздух да се шири што полесно за намалување на температурата и на влажноста на воздухот за време на летниот период. Машината за садови употребувајте ја рано наутро или во доцните ноќни часови. Не ја употребувајте машината пред да се наполни.

*ЗАМАН, бр. 83, стр. 153, ноември 2013*

**(10.1) Рокот на употреба на еден фрижидер е:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. неограничен.

Б. дваесет години.

В. дванаесет години.

Г. две години.

**(10.2) Колку енергија трошат старите модели фрижидери во споредба со современите?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Двапати повеќе енергија од таа што ја трошат современите.

Б. Тројно повеќе од таа што ја трошат современите.

В. Приближно еднаква енергија колку и современите.

Г. Четирипати повеќе енергија од таа што ја трошат современите.

**(10.3) Колку проценти на електрична енергија се троши дома за функционирањето на фрижидерот?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. 15%.

Б. Не постои прецизна евиденција.

В. Мало количество на електрична енергија.

Г. 40%.

**(10.4) Подготвените јадења се ставаат во фрижидер:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. додека се топли.

Б. неопределено.

В. оладени до -10$^0$ С.

Г. оладени до собна температура.

**(10.5) Колку време трае печењето во микробрановата печка?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. 30 минути.

Б. Од 2 до 10 минути.

В. Нема прецизно мерење.

Г. Од 10 до 20 минути.

**(10.6) Во летниот период машината за миење садови треба да се употребува:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. напладне.

Б. попладне.

В. рано наутро или доцна ноќе.

Г. претпладне.

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*